Република Македонија
Јавна установа меѓуопштински
центар за социјални работи
Бр. 04-586/6
14.06.2018 год.
Велес

Врз основа на член 2 став 2, 20-г и 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ број 27/14 ,199/14, 27/16 и 35/18) и член 105 став 6 и член 110-е од Законот за социјална заштита (Службен Весник на Република Македонија бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16 и 163/17 и 51/18) и член 3 од Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес број 02-751/2 од 29.06.2015 год. и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУМЦСР Велес број 02-393/4 од 30.03.2018 година, Директорот на установата донесува:

# О Д Л У К А

## за невршење избор на кандидат за вработување на давател на јавна услуга

1.НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидат за вработување по јавен оглас бр.01/2018 за работно место Домаќинка-помошно стручен службеник од второ ниво во Служба за услуги од социјална заштита-Оддел-Дневен центар за стари и возрасни лица во Чашка, шифра СО30303Б02007.

2.Кандидатот Дафинка Пановска не ги исполнува условите во огласот во однос на потребната стручна подготовка, има приложено доказ за завршено основно образование а нема приложено доказ за бараното средно образование. Кандидатот Благојка Мирова не ги достави дополнително бараните докази па од тие причини овие два кандидати не ги исполнуваат условите наведени во јавниот оглас.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување на веб страната и на огласна табла на установата.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на утврдената потреба со Одлука бр.05-585/1 од 16.05.2018 година за пополнување на слободно работно место со вработување на лице по пат на објавување на јавен оглас, а по претходно обезбедени финансиски средства од страна на Министерството за финансии преку Министерството за труд и социјална политика бр.04-564/1 од 14.05.2018 година, ЈУМ Центар за социјална работа-Велес објави јавен оглас бр.01/2018 објавен на 16.05.2018 година за вработување на еден (1) извршител на работно место Домаќинка-помошно стручен службеник од второ ниво во Служба за услуги од социјална заштита-Оддел-Дневен центар за стари и возрасни лица во Чашка, шифра СО30303Б02007.

Согласно член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор и Годишниот план за вработување на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес бр.04-390/2 од 26.03.2018 година пополнувањето на предвиденото работно место треба да биде кандидат со припадност на заедницата Бошњак.

Во врска со јавниот оглас бр.01/2018 објавен на веб страната на установата и во дневните весници ,,Нова Македонија,, и ,,Лајм,, за пополнување на работното место преку постапка за вработување по јавен оглас, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Одлука бр.05-585/1 од 16.05.2018 година, на ден 08.06.2018 година спроведе постапка за веродостојноста на доказите и утврди дека кандидатот Дафинка Пановска не ги исполнува условите во огласот во однос на потребната стручна подготовка, има приложено доказ за завршено основно образование а нема приложено доказ за бараното средно образование и кандидатот Благојка Мирова не ги достави дополнително бараните докази па од тие причини овие два кандидати не ги исполнуваат условите наведени во јавниот оглас.

Врз основа на тоа, се одлучи да не се изврши избор и да се објави нов оглас.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка во работен однос од втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на известувањето и одлуката за избор на кандидат.

ДИРЕКТОР
Азиза Џини

Доставено до
Именуваниот
Оддел за административни работи
архива